ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 22-281/2

Дата: 09.02.2011

ДО

ОПШТИНСКО СРЕДНО МЕДИЦИНСКО УЧИЛИШТЕ
„НИКОЛА ШТЕЈН" – ТЕТОВО

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општинското средно медицинско училиште „Никола Штејн" - Тетово (во натамошниот текст ОСМУ „Никола Штејн") - сметка на буџет од самофинансирачки активности, за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата изрази мислење без резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за годината што е предмет на ревизија, а за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива изразивме мислење со резерва, поради слабости утврдени кај јавните набавки.

Со ревизијата е констатирано неекономично трошење на остварените приходи од вонредните ученици и неосновано извршени исплати за вработените во ОСМУ „Никола Штејн" за спроведени испити за вонредни ученици, учество во работа на комисии и дополнително ангажирање. Утврдивме и слабости и недостатоци во постапката за избор на најповолен понудувач при што не се почитувани одредбите од Законот за јавни набавки.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува Министерство за образование и наука, да го надмине прашањето за статусот и финансирањето на вонредните ученици и да предложи критериуми за начинот на распределба на приходите од вонредните ученици, а одговорните лица во училиштето до донесувањето на овие критериуми да обезбедат економично користење на средствата.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 6 до 8 заедно со ревизија на усогласеност на ОСМУ „Никола Штејн“ - сметка на буџет од самофинансирачки активности, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година, и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на ОСМУ „Никола Штејн“ за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, застапувано од:

- Ирфан Шабани, директор од 01.04.2004 до 17.08.2009 година
- Алит Деари, директор од 18.08.2009 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на ОСМУ „Никола Штејн“ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1 е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 29.11.2010 до 24.12.2010 кај ОСМУ „Никола Штејн“ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 23.12.2010 година.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-158/4 од 31.12.2010 година.

### 3.1 Усогласеност со закони и прописи

3.1.1 Во текот на 2009 година на вработените во ОСМУ „Никола Штејн“ исплатени им се вкупно 4.232 илјади денари, од кои 2.751 илјади за наставниците и вработените во администрацијата по основ на спроведени испити и други активности околу вонредните ученици и 1.481 илјади денари исплатени за дополнително ангажирање поради зголемен обем на работа на вработените од администрацијата и учество во работа на комисии.

Надоместоците за спроведени испити и други активности околу вонредните ученици се исплатени врз основа на интерни акти донесени од Училишниот одбор во 2004 година, во кои е утврден износот кој се плаќа за уписнина и за полагање на испити за вонредните ученици, како и видот и висината на надоместоците кои им се плаќаат на вработените. Со одлуки на Училишниот одбор од 2006 и 2009 година зголемена е висината на надоместоците и проширен е бројот на вработените на кои им се исплатуваат надоместоци. Со овие акти предвидено е дел од средствата што се наплаќаат од вонредните ученици да се користат за развој на образовниот процес, набавка на опрема и потрошен материјал. Од извршените анализи утврдивме дека во текот на 2009 година за овие намени потрошени се 169 илјади денари или 3,8% од вкупно остварените приходи по овој основ.

Со оглед на тоа што во Законот за средно образование не е регулиран начинот на користење на средствата уплатени од вонредните ученици ревизијата не се увери во основаноста на исплатените надоместоци во висина од 2.751 илјади денари за одржаните испити и други активности околу вонредните ученици. Не се уверивме и во основаноста на извршените исплати во вкупен износ од 1.481 илјади денари за дополнително ангажирање поради зголемен обем на работа и учество во работа на комисии од причини што училиштето не води евиденција за бројот на часовите поминати за извршување на активностите и времето кога се извршувани (во или вон редовното работно време).

Ваквиот начин на исплата не е во согласност со член 2 од Законот за извршување на буџетот, член 117 од Законот за работни односи и член 17 од Општиот колективен договор за јавниот сектор што има за ефект ненаменско и неекономично трошење на средствата имајќи предвид дека расходите направени за надоместоци на вработените по различни основи се многу поголеми (4.237 илјади денари), во однос на расходите направени за развој на образовниот процес (169 илјади денари).

**Препораки:**

1. Министерство за образование и наука, да предложи критериуми за начинот и висината на распределба на средствата од вонредните ученици во средните училишта заради унифицираност во начинот на нивно користење.
2. Одговорните лица во училиштето, до донесување на законски критериуми за начинот и висината на распределба на средствата од вонредните ученици, да преземаат мерки средствата од вонредните ученици да се користат рационално, економично и во функција на подобрување на услови за одвивање на образовниот процес.

## 3.2. Користење на средства согласно законските прописи

**Јавни набавки**

3.2.1 Ревизијата утврди плаќања кон добавувачите по основ на јавни набавки во текот на 2009 година во износ од 72 илјади денари за кои утврдивме слабости и неправилности наведени во точката 3.2.1. алинеа 4 од Конечниот извештај на ОСМУ „Никола Штејн“ - сметка на расходи на буџет на дотации.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на ОСМУ „Никола Штејн“ – сметка на буџет од самофинансирачки активности, на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесено во точката 3.1.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на ОСМУ „Никола Штејн“ - сметка на буџет од самофинансирачки активности, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Прифатени и коригирани неправилности во текот на ревизијата

Во текот на ревизијата во сметководствената евиденција на училиштето прифатени се и извршени корекции на одделни билансни позиции во Билансот на состојбата во износ од 23 илјади денари со цел да се усогласи состојбата на позициите Вишок на приходи над расходи и жиро сметка со датум 01 Јануари 2010. Корекциите се спроведени во налог број 1 од 01.01.2010 година.

Скопје, 02.02.2011 година

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. _______________ _______________
2. _______________
3. _______________

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 4.418 | 7.211 |
| **Вкупно приходи** | **4.418** | **7.211** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 4.401 | 7.183 |
| **Вкупно тековни расходи** | **4.401** | **7.183** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 17 | 28 |
| **Вкупно капитални расходи** | **17** | **28** |
| **Вкупно расходи** | **4.418** | **7.211** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 23 | 29 |
| **Вкупно тековни средства** | **23** | **29** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 4.862 | 5.374 |
| **Вкупно постојани средства** | **4.862** | **5.374** |
| **Вкупна актива** | **4.885** | **5.403** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 23 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **23** | **0** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 4.862 | 5.403 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **4.862** | **5.403** |
| **Вкупна пасива** | **4.885** | **5.403** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| | | |
| **Состојба 01.01.2009 година** | 5.403 | 5.403 |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **146** | **146** |
| Набавки | 32 | **32** |
| Ревалоризација на капитални средства | 114 | **114** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **687** | **687** |
| Отпис на капитални средства | 6 | **6** |
| Корекција по ревизија | 23 | **23** |
| Амортизација | 658 | **658** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **4.862** | **4.862** |